UDC: 316.774:342.727(497.7)

Original research paper

# PERCEPTION OF FREEDOM OF EXPRESSION OF MEDIA WORKERS IN THE NORTHERN AND SOUTHERN REGION OF THE REPUBLIC OF N.MACEDONIA

**Jordanka Galeva**
Assistant professor, PhD, Faculty of law, Faculty of Law, University "Goce Delcev"-Shtip
jordanka.galeva@ugd.edu.mk
**Iskra Кoroveshovsкa**
Assistant professor,PhD Faculty of Law, University "Goce Delcev"-Shtip
iskra.koroveshoska@ugd.edu.mk
**Andon Majhoshev**
Associate professor, PhD, Faculty of Law, University "Goce Delcev"-Shtip
andon.majhosev@ugd.edu.mk

**Abstract**

The right to freedom of expression is one of the fundamental right guaranteed by several international documents as the Universal Declaration of Human Rights, the European Convention for the Protection of Human Rights, International Covenants and other legal acts. On the national level, in Republic of N. Macedonia, constitutional article 16 guarantees freedom of speech, public information, free access to information, reception and transmission of information as well as free establishment of public information institutions. In order to obtain concrete results regarding the implementation of these rights, the paper analyzes the media workers' perception of freedom of expression, the degree of censorship and self-censorship of media workers, with the final aim to understand the reasons that affect restriction of that right. The research, conducted through a survey, was guided by the basic question "What is the perception of media workers about the degree of freedom of expression in the Republic of Macedonia?" and included media workers employed in the media in the northern and southern regions of the Republic of N. Macedonia.

***Keywords***: media, freedom of expression, censorship, Republic of N. Macedonia

# ПЕРЦЕПЦИЈА НА СЛОБОДАТА НА ИЗРАЗУВАЊЕ НА МЕДИУМСКИТЕ РАБОТНИЦИ ВО СЕВЕРНИОТ И ЈУЖНИОТ РЕГИОН НА РЕПУБЛИКА С. МАКЕДОНИЈА

**Јорданка Галева**
доц. д-р, Правен Факултет, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип
jordanka.galeva@ugd.edu.mk
**Искра Коровешвоска**
доц. д-р., Правен Факултет, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип
iskra.koroveska@ugd.edu.mk
**Андон Мајхошев**
проф, д-р., Правен Факултет, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип
andon.majhosev@ugd.edu.mk

**Апстракт**

Правото на слобода на изразување е едно од основните права содржани во повеќе меѓународни документи, меѓу кои Универзалната декларација за човекови права, Европската конвенција за заштита на човековите права, меѓународните договори и други правни акти. На национално ниво во Република С. Македонија, уставниот член 16 гарантира слобода на говорот, јавно информирање, слободен пристап кон информации, примање и пренесување на информации како и слободно основање на институции за јавно информирање. Со цел да се добијат конкретни резултати во однос на имплементацијата на овие права, трудот ја анализира перцепцијата на медиумските работници за слободата на изразување, степенот на цензура и самоцензура на медиумските работници, а со крајна цел да се откријат кои се причините кои влијаат на ограничувањето на тоа право. Истражувањето, кое е направено преку анкета,се водеше од основното прашање „Каква е перцепцијата на медиумските работници за степенот на слобода на изразување во Република Македонија?„ и опфати медиумски работници вработени во медиумите во северниот и јужниот регион на Република С. Македонија.

***Клучни зборови:*** медиуми, слобода на изразување, цензура, Република С.Македонија

## 1. Правото на изразување во националната и меѓународна нормативa

Слободата на мислењето, слободата на примањето и слободата на пренесувањето информации се основните компоненти кои особено се однесуваат на новинарските права и слободи и врз кои се организира целокупната работа на медиумските работници. Во извршување на истата потребно е размислување, барање на информации, избор на информации за прашања од јавен интерес, користење на правото на извори и на анонимни извори, право да се објави и да се коментира во текстовите за прашања од јавна проблематика, употреба на право на заштита на материјалите со кои располага, но пред сѐ внимателност во однос на сопствената безбедност и живот - ако се знае дека новинарството е трета по ред најризична професија во светот.

Слободата на изразување во Република С. Македонија е уставно загарантирано право и законски регулирано од повеќе закони меѓу кои Законот за медиуми, Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, како и Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда.

Уставниот член 16 одредува дека: *се гарантира слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата. Се гарантира слободата на говорот, јавниот настап, јавното информирање и слободното основање на институции за јавно информирање. Се гарантира слободниот пристап кон информациите, слободата на примање и пренесување на информации. Се гарантира правото на одговор во средствата за јавно информирање. Се гарантира правото на исправка во средствата за јавно информирање. Се гарантира правото на заштита на изворот на информацијата во средствата за јавно информирање. Цензурата е забранета*. Овие одредби се согласни со членот 10 на Европската Конвенција за заштита на човековите права, со таа разлика што во Конвенцијата не се наведува автоцензурата, а во македонскиот Устав истата е забранета.

Според член 1 од Европската Конвенција за заштита на човековите права[1]„секој човек има право на слобода на мислите, совеста и верата. Слободата на изразување на својата вера или убедувања може да биде предмет на оние ограничувања што се предвидени со закон или претставуваат мерки во интерес на јавната безбедност, поредокот, здравјето и моралот или заштитата на правата и слободите на другите, кои се неопходни во едно општество“. Во член 10 пак кој е насловен *Слобода на изразување* се одредува: „*секој човек има право на слобода на изразување, на мислење, на примање и пренесување на информации и идеи, без мешање на јавната власт и без оглед на границите*„. Со цел да се одговори на модерното и динамично комуницирање одредбите од Конвенцијата не ги ограничува државите да воведат свој правен ред и режим што се однесува до давањето дозволи за работа на електронските медиуми, но ги одредува околностите под кои државата може да се меша, и тоа легитимно, во остварувањето на слободата на изразување.

Покрај во Конвенција, акти кои содржат одредби за слободата на изразување е Универзалната декларација за човекови права, во чиј член 19 се одредува:„*секој има право на слобода на мислење и изразување. Ова право ја вклучува и слободата да се застапува одредено мислење без никакво вмешување и да се бараат, да се примаат и да се даваат информации и идеи преку медиумите и без оглед на границите*„[2]. Во Меѓународниот пакт за основни граѓански и политички права пак, се одредува дека: „*секој има право*

[1] Европската Конвенција за заштита на човековите права, CouncilofEurope, https://www.coe.int/en/web/conventions/full-list/-/conventions/treaty/005, Accessed 25.05.2022.

[2] Универзална декларација за човекови права.Unitednations, https://www.un.org/en/about-us/universal-declaration-of-human-rights, Accessed 23.05.2022.

*на слобода на изразување и дека ова право подразбира слобода да се бараат, примаат и шират известувања и идеи од секој вид, без оглед на границите, било усно, писмено, по пат на печат или во уметничка форма, или со кое било друго средство по свој избор. Неговото остварување секако дека повлекува посебни обврски и одговорности и истото може да биде подложено на одредени ограничувања кои сепак мора да бидат изречно утврдени со закон и кои се нужни: а) за почитување на правата и угледот на другите лица; б) за заштита на националната безбедност, или јавниот поредок, или јавното здравје или морал,,[3].*Друга правна рамка во која е вклучено правото на слобода на изразување е Повелбата за темелните права на ЕУ[4], во чиј член 11 се одредува дека секој има право на слободен израз вклучувајќи ги тука: слободата на сопствено мислење и примање и давање информации и идеи, без вмешаност од јавно тело и без оглед на границите. Покрај ова се одредува дека се почитува слободата и плурализмот на медиумите. Конкретно во однос на регулирањето на изразувањето преку медиумите, односно работата на медиумите во Европската Унија се донесени и низа директиви меѓу кои Директивата на Европскиот парламент и Советот за аудиовизуелни и медиумски услуги, потоа усвоена е финансиски политики за развој на секторот за аудиовизуелни услуги, кои се дел од програмата за Креативна Европа, како и Упатство за човекови права за слобода на изразување по електронски и редовен пат.

Земајќи ја во предвид целокупната регулатива која е усвоена како на меѓународно така и на национално ниво, на глобално ниво постојат механизми, односно организации кои вршат мониторинг во однос на почитувањето и имплементирањето на оваа норматива, а со цел подобрување на слободата на медиумите и слободата на изразување во светот. Меѓу овие може да се напоменат: *Меѓународен институт за печат* со седиште во Цирих, *Репортери без граници, FreedomHouse,* IFEX – International Freedom of Expression Exchange, Меѓународен институт за прес, Меѓународна федерација на новинари и други.

Според податоците на *Репортери без граници* кои се однесуваат на 2022 година[5],од почеток на годината се убиени 29 новинари и 2 медиумски работници, додека моменталната бројка на затворени новинари е 464, а на медиумски работници 18. Според *World Press Freedom Index* кој го применува оваа агенција, во 2022 годинана прво место на ранг листата е повторно Норвешка, по која на второ, трето и петтото место доаѓаат скандинавските држави Данска, Шведска и Финска, а четвртото место и припаѓа на Естонија. На шестото место е рангирана Ирска, по кои следат, Португалија, Коста Рика,

[3] Меѓународниот пакт за основни граѓански и политички права, Unitednationshumanrights, officeofthehighcommissioner, https://www.ohchr.org/EN/ProfessionalInterest/Pages/CCPR.aspx, Accessed 15.05.2022.
[4] Повелбата за темелните права на ЕУ, EuropeanParliament, https://www.europarl.europa.eu/charter/default_en.htm, Accessed 15.05.2022.
[5] Reporters without borders, https://rsf.org/en, Accessed 15.05.2022.

Литванија и Лихтенштајн, кој е на десеттото место. С. Македонија, во споредба од ланската година кога беше на 90-тото место, оваа година се наоѓа на 57-мото место на листата, што значи направила скок од 33 места (што претставува успех ако се земе предвид дека претходната година имаше направено скок од само две места). Како и да е во однос на овој напредок претседателот на Здружението на новинари на Македонија, Младен Чадиковски изјавува дека *релативната слобода која моментално се живее не треба да не залажува бидејќи сеуште не постојат системски решенија што ќе гарантираат квалитетна медиумска содржина и независност*[6]. Тој истакнува дека слободата е ограничена од зависноста на медиумите од пари, посочувајќи како причина дека пазарот во нашата земја е мал, недоволно атрактивен и не остава простор за развој на независно новинарство, заради која причина медиумите често зависат од политички или бизнис центри на моќ. Исто така истакнува дека она кое сеуште недостасува а е од битно значење е формирање независен национален фонд за создавање на медиумски содржини.

Според извештајот на Freedom House[7] за 2022 година, општата оценка за слободата во Македонија е дека таа е парцијално слободна, со 67 бода од вкупно 100. Во однос на прашањето „дали има слободни и независни медиуми„ оценката изнесува 3 од вкупно 4 и се наведува дека: медиумите се длабоко поларизиран по политички линии; приватните медиуми често се врзани за политички или бизнис интереси кои влијаат на нивната содржина. Постои широка функционална колекција на критични и независни онлајн медиуми. Во извештајот е наведено дека според извештајот на Здружението на новинари на Македонија од јуни 2021 година, во 2020 година се регистрирани 14 закани и физички напади врз новинари, (половина од нив биле новинарки) за разлика од 2019 кога биле забележани само 4 такви инциденти. Имено во однос на ова прашање во Македонија сеуште не се усвоени законски измени со кои нападот на новинари би се сметало за напад на службено лице.

Во продолжение е даден краток осврт на тоа колку се значајна работата на медиумите и кои се рестрикциите со кои се соочуваат истите.

## 2. Слободата на изразување, цензура и автоцензура.

Медиумите како четврта власт во општеството, иако неформална, има исто толку голема улога, како и формалните власти, и преставува индикатор за демократијата на едно општество. Информациите кои ги добиваме преку медиумите и начинот на кои се пласираат зависат од степенот на слобода на изразување и примена на цензура и автоцензура. Искуството покажа дека во одредени случаи од јавен интерес, заради повисоки општествени интереси

---

[6] Катерина Блажеска, Слобода на медиумите: Повеќе од порано, ама не доволно, *Дојче Веле*, 03.05.2022 https://www.dw.com/mk

[7] Freedom House, https://freedomhouse.org/country/north-macedonia/freedom-world/2022 Accessed 20.05.2021.

или осетливи теми (војна, државни тајни, детска порнографија) дозволено е ограничување на принципот на максималното зборување на вистината, заради која причина може да се каже дека не постои апсолутна слобода на медиумите. Но токму заради оваа причина, филозофијата на слободата на медиумите е во тоа да се одреди и границата на таа слобода, односно да се воспостави рамнотежа меѓу слободата на медиумите и слободата на изразување.

Преку медиумите граѓаните се информираат за општата состојба во светот, односно за војните, пандемиите, затоплување на планетата, безбедност и теми од секаков карактер, но и потесно за она што се случува и ги засега секојдневно на национално ниво, во домашната политика, во однос на развојот на државата, спроведување на човековите права и слично. Оттука тоа значи дека медиумите преку истражување и информирање на овие теми, преставуваат еден вид на механизам кој ја контролираат и мерат демократијата во едно општество и може директно да влијаат, преку критика или аналитички осврти, на оние кои спроведуваат политики во, и за сметка на, државите и се „грижат" за добросостојбата на граѓаните.

За да се добие објективна слика за сите збиднувања, како од национална така и од глобална природа, најбитно е новинарите и медиумските работници да дејствуваат слободно, на независен начин без притисоци, во безбедносни услови без страв, закани или виолентни дејствија. Имено нивната улога не треба да се состои само во известување или информирање, туку и во давање аналитички и критички осврт, при тоа без да заземаат страна. Оттука објективното и вистинитото информирање преставува основен принцип по кој треба да се води секој новинар. Искуствата и анализите кои се прават секоја година на глобално ниво покажуваат дека не секогаш новинарите слободно дејствуваат и дека подлежат како на цензура, па дури и на автоцензура.

Поимот цензура потекнува од латинскиот збор *censura* што значи претходно или дополнително оценување на печатени работи, кои по потреба можат да бидат забранети пред објавувањето. Во однос на автоцензурата, самиот термин упатува на само цензурирање, односно авторско самоограничување за пренесување на информацијата во јавноста. За разлика од автоцензурата, цензурата се спроведува од страна на државата или некоја друга организација, и може да го опфати печатот, театарот, филмот, радиото, телевизијата и други форми на научно и уметничко творештво и масовно комуницирање. Ако автоцензурата преставува свесно контролирање на мислите, ограничување или селектирање на зборовите и сликите кои се употребуваат, а со причина, страв од лоши последици, цензурата е контрола од страна на органите на власта, црквата, политичките организации или приватните лица, на содржината на текстот, односно информацијата наменета за медиумите (штампата, радиото, ТВ, емисии, филмот, театарот, и сл.) пред нивното публикување или изведба[8]. Вака поставена дефиницијата за цензура упатува на ограничување на граѓанската

[8] *Политичка Енциклопедија*, (1975),Савремена администрација, Београд, стр.105.

слобода за изразување на мислата и контрола на обвинувања или репресија на одредени содржини, идеи и изразувања, од страна на одредени органи кои имаат власт. Од друга страна во однос на автоцензурата, која се спроведува од самите новинари или уредници, без притоа да постои притисок, може да се каже дека истата не преставува кршење на слободата на говорот и слобода на печатот. Во новинарската професија и медиумските кругови повеќе се дава предност на автоцензурата (доброволната) во однос на присилната или надворешната цензура, бидејќи новинарот, поаѓајќи од сопствените морални принципи и начела сам одлучува дали и како за нешто ќе информира, водејќи сметка за рамнотежа помеѓу почитувањето на правото на граѓаните на информирање и почитувањето на другите права и слободите на граѓаните.

Во одредени либерални држави, само во одредени случаи како на пример во воениот период била воведена превентивна цензура, додека во авторитарните држави таа се спроведува со цел да се спречат критики за дејствувањето на постоечките власти[9]. Во првиот случај причините се најчесто поврзани со безбедност на државата, вонредна состојба и сл. и во вакви ситуации известувањето од страна на новинарот е со двојна одговорност: кон јавноста која треба да биде благовремено и вистинито информирана и кон државата, во чиј случај новинарот треба да спречи изнесување на осетливи информации и да умее да воспостави баланс во информирањето и безбедноста на државата. Во вториот случај, на авторитарните држави каде постои гушење на слободното откривање и ширење на информацијата, цензурата всушност е оној ограничувачки фактор на демократските тенденции во општеството.

Со цел да се види која е состојбата во однос на горенаведените прашања, во мај 2022 година беше спроведено истражување со кое беа опфатени медиумските работници од северниот и јужниот плански регион во Македонија. Во продолжение се изнесени резултатите од истражувањето кое потесно се однесува на перцепцијата на медиумските работници за степенот на слободата на изразување.

## 3. Истражување на тема: "Каква е перцепцијата на медиумските работници за степенот на слободата на изразување во северниот и јужниот плански регион на Република С. Македонија?"

*Цели, предмет и временска рамка на истражувањето*

Предмет на ова истражувањето спроведено во мај 2022 година е перцепцијата на медиумските работници, за степенот на слободата на изразување, во северниот и јужниот плански регион на Република С. Македонија. Истражувањето ги опфати сите медиумски работници (новинари, технички персонал) од печатени и електронски (радија, телевизии и интернет

[9] TreccaniEnciclopedia, Istituto della Enciclopedia Italiana, https://www.treccani.it/enciclopedia/censura/, Accessed 20.05.2022.

портали) медиуми, во Скопје, Куманово, Велес, Прилеп, Гевгелија и Струмица. Централниот извор на контакти со испитаниците е Здружението на новинари на Македонија, каде постои регистар на медиумски работници од сите типови на медиуми во северниот и јужниот регион, но и контактите одделно со медиумските работници – преку информациите за нив достапни на веб страните на медиумите. Станува збор за најобемното истражување до сега (после претходните две спроведени во источниот и западниот дел), бидејќи се опфатени два региона, во кои е вклучен и главниот град Скопје. Истражувањето беше спроведено преку анкетен прашалник на кој одговорија над 65% од вкупно 130 медиумски работници. Истражувањето беше спроведено во периодот помеѓу 5 април и 5 мај 2022 година, а последователно на тој период беше спроведена анализа и статистичка обработка на податоците. Водејќи се од основното прашање *каква е перцепцијата на медиумските работници за степенот на слободата на изразување?* истражувањето има истовремено општа и конкретна цел, односно да ја даде генералната слика за перцепцијата на новинарите и медиумските работници во овој дел од земјата за слободата на изразување и да ги идентификува причините и факторите што влијаат врз слободата на изразување.

*Методологија на истражувањето*

За потребите ова истражување беше креирана електронска анкета[10] која беше испратена електронски до сите испитаници. Истите беа контактирани и телефонски од студентите по новинарство на УГД за поголема ефикасност на спроведувањето на истата. Важно е да се нагласи дека анонимноста на анкетата овозможи поголем интерес од испитаниците да ги одговорат поставените прашања. Во сумирањето на резултатите од истражувањето беа користени истражувачките методи, анализа, синтеза, дескриптивниот метод, статистичкиот метод и др. Се водеше грижа, во структурата на примерокот, да биде подеднакво застапена половата, возрасната и етничката категорија.

*Хипотетска рамка на истражувањето*

Во истражувањето се поаѓа од општата претпоставка дека перцепцијата на медиумските работници за слободата на медиумите, подлежи на влијание од повеќе различни фактори, кои меѓусебно се испреплетени. Првата претпоставка е дека врз перцепцијата на медиумските работници на слободата на медиумите влијаат социо-економската состојба на медиумските работници. Потоа, несомнено, мошне важен фактор којшто влијае на перцепцијата на медиумските работници врз слободата на изразување, секако е и образовниот

[10] Наслов на анкетата: Анкетен прашалник за потребите на проектот: Перцепција на слободатана изразување на медиумските работници во северниот и јужниот регион на Република С. Македонија, достапна на: https://docs.google.com/forms/d/1Ohh-vhJqdU2jTmn0utSP-M58ozM8VLAk1Y1xYsim0Tc/prefill

статус на самите новинари. Важен фактор којшто има соодветно влијае врз перцепцијата на медиумските работници за слободата на изразување е правната регулатива со која се регулираат општествените односи во медиумската сфера во Република С. Македонија. Токму анализа на одговорите поврзани со правната регулатива ќе утврди дали и колку истата влијае врз слободата на изразување. Исто така, во нашето истражување ќе утврдиме дали и колку влијае на ефикасноста на институциите кои имаат надлежност во работата на медиумите, како и политиките што тие ги креираат и имплементираат во оваа сфера. Врз слободата на изразување на медиумските работници во северниот и јужниот регион на РСМ влијае и работно-правниот статус на вработените во медиумите, како и уредувачката политика, сопствениците на медиумите, бизнис интересите (на локално, регионално и национално ниво), политиката на сите нивоа, професионалното организирање и здружување, односно само регулаторните тела во државата, функционирањето на институциите кои имаат надлежност во оваа сфера и меѓународната контрола.

*Резултати од истражувањето*

Општата оценка на истражувањето е дека слобода на изразувањето на медиумските работници е „добра„која на скалата помеѓу 1 и 5 значи оценка 3, почнувајќи од 1 - како нула слобода на изразување, до 5 - како целосна слобода на изразување. Анкетираните одговорија на 25 прашања, со цел темелно да се даде сликата за клучното прашање: "каква е перцепцијата на медиумските работници за степенот на слободата на изразување во северниот и јужен регион на Република С. Македонија?". Во продолжение се дадени одредени демографски податоци, кои се однесуваат на полот, возраста и место на живеење/ вработеност на анкетираните.

Според половата припадност беа анкетирани 37 % мажи и 63 % жени. 37% од анкетираните се на возраст од 18 до 35 години, 56,5% се на возраст од 35 до 55 години, а останатите се постари од 56 години. Најголем дел од испитаниците или63%работат во национални телевизии, најчесто како дописници или се од други градови, но живеат и работат во Скопје, 17,4%се вработени во интернет портали, 10,9% се изјасниле дека се дел од локални или регионални радија и телевизии, а останатите 8,7% се изјасниле под графата „друго".

Најмногу од добиените одговори се од новинари, 56,5%,од кои 19,6% се изјасниле дека се на позиција новинар – уредник, 13% дека се дел од техничкиот персонал, а останатите до 100% одговориле под категоријата „уредник". Од испитаниците, 60,9%одговориле дека во нивните медиуми се вработени над 60 луѓе, 32,6% од испитаниците одговориле дека работат во медиумски куќи со до 20 вработени, а останатите испитаници дека се вработени во медиуми со до 60 вработени. Оттука во однос на персоналот во медиумите, 52,2% одговориле дека во медиумите има повеќе новинари отколку технички персонал, а останатите

се изјасниле дека доминира техничкиот персонал наспроти новинарите. Најголемиот дел од анкетираните, односно 47,8% нагласуваат дека новинарите во нивните медиуми се со завршени новинарски студии, 13% се изјасниле дека се запишани но се уште немаат завршено новинарски студии, а останатите 39,1% од испитаниците објасниле дека во медиумите работат луѓе со друг тип (не медиумско) завршено образование.

Едно од клучните прашања кое ја определува генералната оценка на перцепцијата на новинарите во северниот и јужниот регион е платата, односно финансискиот надоместок на месечно ниво. Тука ситуацијата не е толку поразителна, како на истокот и западот, но секако е далеку од европските просеци на платеност на медиумските работници. Па така, 43,5% се изјасниле дека земаат месечен надоместок од 20.000 до 30.000 денари, 23,9% земаат од 30.000 до 40.000 денари месечно, а исто толкава процентуалност дека се платени со над 40.000 денари месечно. Најмал процент односно 8,7% се изјасниле дека добиваат до 20.000 денари. Но, ако стабилното вработување влијае врз перцепцијата, тогаш тука сликата е позитивна односно 71,1% од анкетираните се вработени на неопределено време, 15,2% на определено, а останатите изјавиле дека се хонорарно ангажирани, преку проект, договор на дело или друго.

На двата прикази во продолжение се гледа дека мнозинството од оние кои одговориле или 71,7% не се доволно платени за тоа што го работат, а останатите 28,3%одговориле потврдно, односно дека се задоволни од платата. Мнозинството 63% од медиумите се финансираат од реклами и други дотации, 23,9% исклучиво од реклами, а 13% исклучиво од други извори.






Од натамошните прашања во прашалникот, 58,7% од испитаниците се изјасниле дека во темите за кои известуваат доминираат сите прашања подеднакво и регионални, и локални и национални.

На прашањето „дали се чувствуваат слободни да пишуваат и објавуваат за теми што го засегаат местото каде живеат и работат?“ 45,7%изјавиле дека се чувствуваат слободни во поголемиот дел од темите,30,4% целосно се чувствуваат слободни, 13% не можат да објават ништо без одобрение од уредник, додека 10,9% дека секогаш прво уредник/директор мора да им даде „зелено светло„. Во продолжение е графички приказ на проценти во однос на дадените одговори.




На прашањето со не повеќе од 2 реченици да опишат како ја разбираат слободата на медиумите, во мнозинството од одговори доминираат зборовите/ фразите: „слобода“ , „говор без цензура“, „слободно изразување“. Клучната порака од испитаниците сублимирана во неколку реда е дека „финансирањето

на медиумите не смее да зависи од владини и партиски реклами и кампањи. Менаџерите т.е. директорите законски да немаат право да се мешаат во уредувачката политика, а изборот на главниот уредник да биде условен со согласност на 2/3 од новинарите во редакцијата“. Има и такви кои сметаат дека слободата на изразување во С. Македонија „не постои“, односно е „утопија“, а дека „ситуацијата не била никогаш претходно полоша отколку сега“.

Во врска со рангирање на факторите кои влијаат врз слободата на изразувањето на новинарите од најважен па надолу, првите 5 се: уредувачката политика, политиката на сите нивоа, правната регулатива во оваа сфера, бизнис интересите на сопственикот, сопственикот на медиумот. Процентите на одговорите се илустрирани во графиконот во продолжение.




Мнозинството од испитаниците, 69,6% се изјасниле дека не би ја напуштиле медиумската професија ако имаат можност за тоа, додека останатите 30,4% во првата прилика би ја промениле со друга.

На прашањето „дали новинарите треба да преземат нешто и што за да подобрат ситуацијата на професионално, етичко, морално ниво“, повеќе пати се повторува одговорот дека *„треба“, има сериозна поделеност внатре во фелата... новинарите треба да ја сфатат одговорноста која ја носат и да делуваат согласно неа...треба да преземат особено преку новинарските здруженија, кои што се чини ништо не прават освен пишување соопштенија. Потребни се повисоки плати, платена прекувремена работа, бенефициран стаж, платена работа за време на празници, систематизација и можност за напредок на работното место (медиумот), позаинтересирани уредници кои што ќе работат со помладите новинари, ментор во секој медиум, подобрување и осовременување на студиите по новинарство, поголеми можности за пракса*

*на студентите за време на студиите. Дополнително, на огласите за работа во медиуми треба секој да има право и можност да аплицира и неговата апликација да биде проследена, да се прекине праксата во медиумите на наместени огласи“.*

Добар дел сметаат дека медиумските работници не се доволно гласни, како и дека е потребна поголема активност на синдикатот и здруженијата. Се повторуваат и одговорите дека се „*неопходни реформи во Здружението на новинари (ЗНМ), истражувачко новинарство и посилни заложби за борба против заканите и притисоците*...“. Имено, со оценка 3, или *добро*, испитаниците го оцениле работењето на ЗНМ и неговите заложби за медиумските работници, а во Здружението и најголем дел од нив се обраќаат кога се прекршени или повредени нивните права.

Клучното прашање кое е претставено во следните две илустрации најблиску ја отсликува перцепцијата на медиумските работници за слободата на изразувањето, тоа е: „дали постои цензура во медиумите во Македонија?“. Мнозинството од испитаниците одговориле дека има делумна цензура, а помал број се изјасниле дека цензурата е целосна. Но прашањето е кој ја поставува цензурата? Според добиените одговори, 28,3%одговориледека цензурата е наметната од бизнис заедницата, 17,4% дека притисоците и цензурата доаѓаат од политичките партии, исто толкава процентуалност одговориле дека цензурата е наметната од претпоставените (уредници, сопственици), 13% дека истата се наметнува од државните институции, а 10,9% сметаат дека станува збор за автоцензура. Во продолжение е графички приказ со процентуалност на горенаведените одговори.



Со каков вид на цензура најчесто се соочувате?




Едно од прашањата во анкетата гласеше: Кои фактори највеќе влијаат за авто цензурирање во работењето на медиумските работници? 52,2% на ова прашање одговориле дека причината за тоа е „стравот од губењето на работното место“, а по 13%одговориле дека автоцензурата се случува заради „немање професионален и морален интегритет кај новинарите“ но и заради „клиентелистичкиот однос на новинарите кон политичките и финансиските центри на моќ“.

Во врска со соодветна законска регулатива што ги штити нивните права, 50% одговориле дека иако постои законска регулатива истата не се почитува, 21,7% дека е неопходна нејзина промена, а 17,4% дека постоечкото не нуди заштита.

На последното прашање од анкетата кое гласеше вака: колкава е слободата на изразување на медиумите во северниот и јужниот дела на С. Македонија? имаше опции да се оцени со оценка од 1 до 5, каде 1 е најлошо а 5 најдобро. Половината, односно 50% од анкетираните дале средна оценка, односно 3. Оценка 2 е дадена од 23,9%, оценка 4 од 15,2%, додека 10,9% слободата ја оцениле со оценка 1. Во продолжение е графички приказ на дадените одговори, изразено во проценти

На скала од 1 до 5 оценете ја слободата на изразување во медиумите во Македонија, каде 1 означува непостоење на слобода на изразување/слобода на медиуми, а 5 максимален степен на слобода на изразување/слобода на медиуми:



**Заклучок**

Тргнувајќи од горенаведените резултати содржани во извештаите на меѓународните агенции и конкретно на резултатите добиени од истражување спроведено меѓу медиумските работници од медиумите во северниот и јужниот регион на Република С. Македонија може да се извлечат неколку заклучоци.

Во истражувањето се појде од неколку хипотези а добиените резултати ги потврдуваат следните:

– општата претпоставка беше дека перцепцијата на медиумските работници за слободата на медиумите подлежи на влијание од повеќе различни фактори и истражувањето го потврди истото.
– од низата факторите кои беа набројани, според резултатите добиени од истражувањето може да се заклучи дека: уредувачката политика, политиката на сите нивоа, правната регулатива во оваа сфера, бизнис интересите на сопственикот и сопственикот на медиумот се петте клучни влијанија во перцепцијата на слободата на медиумите.
– социо-економската состојба на медиумските работници, како и образовниот статус на самите новинари, се меѓу факторите за кои се потврди хипотезата поставена на самиот почеток на трудот – дека своевидно ја одредуваат перцепцијата на слободата на медиумите.
– во однос на општата цел на ова истражување, генералната слика за перцепцијата на новинарите и медиумските работници во овој дел од земјата за слободата на изразување е: добра, односно оценета со 3.
– во однос на конкретната цел истражувањето покажа дека, причините и факторите што влијаат врз слободата на изразување се тесно поврзани со факторите кои влијаат на цензурирањето на истата, а потекнуваат од: бизнис заедницата, политичките партии, претпоставените (уредници, сопственици), државните институции, но и автоцензурата.

Иако оваа година С. Македонија според *World Press Freedom Index*направи скок од 33 места на ранг листата, таа сеуште се води како земја со парцијална слобода, а слободата и независноста на нејзините медиуми според *Freedom House*е оценета со 3 од вкупно 4 бода, наведувајќи дека најголемата зависност доаѓа од политичките и бизнис интереси. Остануваат предизвиците за конечно формирање на независен национален фонд за создавање на медиумски содржини и усвојување на законски измени со кои нападот на новинари би се сметало за напад на службено лице.

**Користена литература**

1. Анкетен прашалник за потребите на проектот: Перцепција на слободата на изразување на медиумските работници во северниот и јужниот регион на Република С. Македонија, достапна на: https://docs.google.com/forms/d/1Ohh-vhJqdU2jTmn0utSP-M58ozM8VLAk1Y1xYsim0Tc/prefill
2. Европската Конвенција за заштита на човековите права, CouncilofEurope, https://www.coe.int/en/web/conventions/full-list/-/conventions/treaty/005,
3. Freedom House, https://freedomhouse.org/country/north-macedonia/freedom-world/2022
4. Катерина Блажеска, Слобода на медиумите: Повеќе од порано, ама не доволно, 03.05.2022, *Дојче Веле*, https://www.dw.com/mk
5. Меѓународниот пакт за основни граѓански и политички права, United nations human rights, office of the high commissioner, https://www.ohchr.org/EN/ProfessionalInterest/Pages/CCPR.aspx
6. *Политичка Енциклопедија*, (1975),Савремена администрација, Београд .
7. Повелбата за темелните права на ЕУ, European Parliament, https://www.europarl.europa.eu/charter/default_en.htm
8. Reporters without borders, https://rsf.org/en,
9. TreccaniEnciclopedia, Istituto della Enciclopedia Italiana, *https://www.treccani.it/enciclopedia/censura/*,
10. Универзална декларација за човекови права.United nations, https://www.un.org/en/about-us/universal-declaration-of-human-rights